ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 10-1980/13
14.11.2024 год.
НОВО СЕЛО

Врз основа на член 126, 127 став 2 и 3 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр:53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010 , 124/10 ,51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 , Сл.в на РСМ 89/22 и 171/22) и Правилникот за постапка за издавање на Б Интегрирана еколошка дозвола (Сл.в.на Р.М. бр.112 /14), Градоначалникот на Општина Ново Село постапувајки по барањето за добивање на Б Интегрирана еколошка дозвола на **ТДТ„ КЛАНИЦА „** ДООЕЛ увоз-извоз Ново Село - Инсталација за колење на жива ситна стока односно Инсталација за производство на трупови поголем од 5t/ден но помал од 50t/ден.заверена под број **10-1980/1 од 17.07.2024 година,** Увидот во инсталацијата и Одлуката за преговарање и постигнување согласност за содржината на Б Интегрираната еколошка дозвола, граничните вредности на емисии и одделните фази за спроведување на дозволата под број **10-1980/7 од 03.10.2024 година го донесе следното:**

Р Е Ш Е Н И Е

За издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола на ТДТ„ КЛАНИЦА „ ДООЕЛ увоз-извоз - Инсталација за колење на жива ситна стока, односно Инсталација за производство на трупови поголем од 5t/ден но помал од 50t/ден.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ТДТ„ КЛАНИЦА „ ДООЕЛ увоз-извоз Ново Село - **Инсталација за колење на жива ситна стока односно Инсталација за производство на трупови поголем од 5t/ден но помал од 50t/ден,** согласно член 122 и 124 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр:53/2005 , 81/2005 , 24/2007 , 159/08 , 83/2009 , 48/2010 , 124/10 ,51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 44/15 , 129/15, 192/15 , 39/16 , 99/18 , Сл.в на РСМ 89/22 и 171/22), достави барање за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола под број 10 – 1980/1 од 17.07.2024 година. Постапувајки по барањето за издавање на Б-Интегрирна еколошка дозвола на **ТДТ„ КЛАНИЦА „** ДООЕЛ увоз-извоз Ново Село, **Инсталација за колење на жива ситна стока односно инсталација за производство на трупови поголем од 5t/ден но помал од 50t/ден.** и Правилникот за постапка за добивање на Б Интегрирана еколошка дозвола (Сл.в.на Р.М. бр.112 /14), Одделението за урбанизам и заштита на животната средина во Општина Ново Село изврши увид во имсталацијата и состави Записник со број: 10-1980/6 од 03.10.2024 година. Врз основа на Увидот согласно член 8 став 9 и член 9 став 5 од Правилникот за постапка за добивање на Б Интегрирана еколошка дозвола (Сл.в.на Р.М. бр.112 /14), се донесе Одлука за преговарање и постигнување согласност за содржината на Б Интегрираната еколошка дозвола, граничните вредности на емисии и одделните фази за спроведување на дозволата под број 10-1980/7 од 03.10.2024 година.

По завршување на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина , Градоначалникот на Општина Ново Село одлучи како во диспозитивот на оваа решение .

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Согласно член 126 став 2 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр:53/2005 , 81/2005 , 24/2007 , 159/08 , 83/2009 , 48/2010 , 124/10 ,51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 44/15 , 129/15, 192/15 , 39/16 , 99/18 , Сл.в на РСМ 89/22 и 171/22) против ова решение може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

Жалбата се таксира со 250 денари, на уплатница на сметка: 100 000 000 063 095, сметка на корисник 750 014 0797 630 17, на приходна шифа 725 939 00, цел на дознаката: Административни такси, назив на примачот: Буџет на општина Ново Село, банка на примач : НБРМ

Изработил: Мери Аврамова
Ристо Ристов
Потврдил: Убавка Стојчева

ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА НОВО СЕЛО
ЃОРЃЕ БОЖИНОВ

Регистар на Б – Интегрирана еколошка дозвола за заштита на животната средина одобрено од Градоначалник на Општина Ново Село

Број на барање	БР: 10-1980/1 17.07.2024 година
Назив на правното или физичкото лице	ТДТ „КЛАНИЦА„ ДООЕЛ Ново Село
Адреса	с. Ново Село, општина Ново Село
Б – Интегрирана еколошка дозвола за заштита на животната средина	Решение за издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола на ТДТ „КЛАНИЦА„ ДООЕЛ Ново Село Инсталација за колење на жива стока, односно инсталација за производство на трупови поголем од 5t/ ден но помал од 50t/ден.
Дејност или активност	Службен весни бр.89/2005 Прилог 2, Точка 6.3а, Кланица со капацитет на производство трупови поголем од 5t/ ден но помал од 50t/ден.
Место каде се спроведува проектот	с.Ново Село, општина Ново Село
Број на Б – Интегрирана еколошка дозвола и број на придружни документи	10-1980/14 од 14.11.2024 година 19 придружни документи
Решение	БР: 10-1980/13 14.11.2025 година
Организациона единица на органот што го издал решението и Б – Интегрирана еколошка дозвола	10
Име на раководителот на таа организациона единица и име на државниот службеник што го изработил решението	Изработил: Мери Аврамова и Ристо Ристов Потврдил: Убавка Стојчева
Забелешка	Нема